**БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД**
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

**Издавач**
Национална установа
Универзитетка Библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор

**Издвачки совет:**
претседател
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска

**Редакција:**
Главен и одговорен уредник
д-р Николче Вељановски,
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

**Лектура и коректура:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска

**Фотографии:**
Благој Бошевски
Маријан Котевски

**Компјутерска обработка и печат**
МИКЕНА, Битола

**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел.: 047/220-208;
Тел./факс: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 232-999
www.nuubbt.uklo.edu.mk
e-mail: nuubbt@uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА

**БИБЛИОТЕКАТА – ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА** 2

НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ, нов директор во Библиотеката . . . . . 2
Конференција COBISS 2006 - *Благој Николов* . . . . . 2
ПРАВИЛНИК за издавање на дозволи за заемна каталогизација . . . . . 3
МАРИБОРСКА ДЕКЛАРАЦИЈА . . . . . 4
СОБРАНИЕ НА ХРВАТСКОТО БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО - *Јелена Петровска* . . . . . 4
ТРКАЛЕЗНА МАСА - COBISS 2006. . . . . 5
МАКЕДОНСКО-АЛБАНСКА СРЕДБА НА БИБЛИОТЕКАРИ - *Цветанка Дамјановска* . . . . . 6
НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ. . . . . 8
ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА 2007 ГОДИНА . . . . . 8
ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ПРИВАТНИТЕ БИБЛИОТЕКИ ВО БИТОЛА“ . . . . . 9
ПРВА НАГРАДА НА 7. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ” ВО РАДОВИШ - *Јоланда Бошевска* . . . . . 10

**БИБЛИОТЕКАТА – НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ** 11

АНЕТА СТЕФАНОВСКА ПРВ БИБЛИОТЕКАР ПАРЛАМЕНТАРЕЦ. . . . . 11
ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ - *Драги Кабровски* . . . . . 11
ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА
БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ . . . . . 18
ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ СВЕТОЗАР ТАСЕВСКИ. . . . . 18
ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ БРАНКО НАУМОВСКИ . . . . . 19
ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „МОЌТА НА СЕГАШНИОТ МИГ“ ОД ЕКАРТ ТОЛ - *Д-р Николче Вељановски* . . . . . 21

**ПОВОД ЗА ДА ВИ ГО ПРЕТСТАВИМЕ...** 23

По повод добивањето на наградата „Тренд“ на ИК „Феникс“ - Скопје извадок од романот „Балканскиот ѓавол“ од Петре Димовски. . . . . 23

**ОД ЖИВОТОТ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ** 26

(НЕ) ЧИСТАТА МАТЕМАТИКА НА „ДИРЕКТОРИЦА“ . . . . . 26
НАГРАДИ СО ТЕМНИ АУРИ. . . . . 30
ДОКТОР ПО МЕНАЏМЕНТ ПРЕДАВА ОСНОВИ НА ДЕМОКРАТИЈА . . . . . 31
ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” ЗА 2006 ГОДИНА . . . . . 32

**БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ**

# НАУМЕ ЃОРГИЕВСКИ, нов директор во Библиотеката



Од неодамна за нов директор беше избран Науме Ѓоргиевски. Роден е 1956 година, во Битола. Основно и средно образование завршил во Битола, а Филозофски факултет, група Историја на уметност со археологија завршил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во Библиотеката е вработен од 1986 година. Поминал низ повеќе библиотечни процеси и во 1997 година се здобива со звање Виш библиотекар. Последните десет години работи во Роднокрајниот оддел и на комплетирањето на книжниот фонд при што работи со сите издавачки куќи од државата и пошироко.

Во 2002 година е прогласен за Библиотекар на годината од издавачите на Р. Македонија. Добитник е и на наградата на градот Битола, 4-ти Ноември за трудот Печатарството и издаваштвото во Битола кој е заеднички со повеќе автори. Во 2004 година беше организатор на првиот Саем на книги во Битола. Оттогаш Саемот останува традиционален.

Има објавено повеќе трудови:

Книгата и нејзиното место во културниот живот на исламскиот свет на Битола; Комплетирање на библиотечниот материјал; Манастирските библиотеки во Битола и Битолско; Турските библиотеки во Битола; Библиотеките во Битола; Битола низ вековите - библиографија на монографски публикации - коавтор; Монографија за 60 -годишниот јубилеј на Библиотеката со два свои трудови. Бил учесник во повеќе проекти.



*Приредил Благој Николов, библиотекар советник*

### Од меѓународната соработка

# Конференција COBISS 2006

Во Марибор, од 29 до 30 ноември (среда и четврток) беше одржана **Конференцијата COBISS 2006** на тема: „Улогата на библиотеките во обезбедувањето на транспарентноста на библиографските показатели на научната, стручната и педагошката успешност во високошколските и истражувачките установи“.

На конференцијата присуствуваа 421 библиотекари и информатичари *(од Македонија присуствуваа 34 библиотекари и информатичари)*, од 14 земји, а најповеќе од државите на Западниот Балкан. На конференцијата беше расправано за значењето на библиотеките за развој на државите од Југоисточна Европа. Покрај бројните стручњаци за библиотекарство и информатика, учествуваа и претставници од надлежните министерства. Претставници од Македонија беа г-дин Јован Лазарев - Министерство за образование, г-гица Валентина Јаневска - Секретаријат за Евроинтеграција како и г-ѓа Џулија Богатинова-Костовска - Амбасадата во Љубљана, како и претставници на генералните директорати на ЕУ и на меѓународни организации кои се грижат за развојната помош. Учесниците се заседоа за што посинхронизирана и поголема развојна поддршка на меѓународната заедница за модернизацијата на библиотекарството во државите, при што ширењето на COBISS.Net, која ја креира ИЗУМ од Марибор, ја препознаваат како најефикасен пат. Кон Словенија, Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора, кои веќе го користат COBISS, со потпишувањето на спогодбата за размена на библиографските записи за време на конференцијата, се приклучи и Бугарија. Од присутните изразено е очекување дека новите механизми на ЕУ за развојната помош на Западниот Балкан, поконкретно, ќе ги поддржат информатизацијата и развојот на библиотеките.

Учесниците изнесоа критички ставови за улогата на библиотеки-



те во реформите на високото образование и при тоа беше констатирано дека нивната улога е потценета, што во секој случај негативно ќе се отслика врз квалитетот и конкурентноста на националните високообразовни системи на заедничкиот европски универзитетски простор.

На конференцијата COBISS 2006, на посебна тркалезна маса, која ја организираше ИЗУМ и Подунавската ректорска конференција, посветена на положбата на библиотеките и библиотечно-информативните системи во системското уредување во практиката за евалвација и акредитација на високото образование, едногласно е усвоен документ кој е наречен „Мариборска декларација“.



## ПРАВИЛНИК за издавање на дозволи за заемна каталогизација

На Конференцијата COBISS 2006, од големо значење беше презентацијата на Правилникот за издавање на дозволи за заемна каталогизација и неговата примена во Словенија од страна на м-р Марта Сељак, помошник директор на ИЗУМ Марибор.

**Условите за стекнување на дозвола за заемна катологизација се:**

1. Секој кандидат мора да има библиотекарско предзнаење кое вклучува продлабочено познавање на правилата за обработка на библиотечниот материјал и стандардите ISBD;

2. Мора да се стекне со дополнителни знаења на курсот за Користење на програмската поддршка COBISS2/Каталогизација - почетен, кој го организира библиотечно-информацискиот сервис;

3. Мора да ја докаже својата оспособеност со креирање на 30 оргинални библиографски записи за монографски публикации во тестна околина;

4. Кога кандидатот ќе ги исполни условите од претходните точки Центарот на ВБ (Виртуелна Библиотека) и НУУБ - Скопје ги прегледува тестните записи. Центарот на ВБ ги проверува креираните библиографски записи дали одговараат на барањата на форматот COMARC, а НУУБ - Скопје потврдува дали се во согласнот со правилата според стандардот ISBD. Ако записите се во согласност со форматот COMARC и со правилата за каталогизација кандидатот може да пристапи кон проверка на знаењето. Спротивно на ова Центарот на ВБ и НУУБ - Скопје го известува кандидатот за неисправноста и грешките во записите. Постапката на поправање и проверување на записите кандидатот може да го повтори најмногу до три пати. Ако и понатаму прави грешки повторно се испраќа на курсот COBISS2/Каталогизација - почетен и повторно креира 30 тестни записи;

5. За проверка на знаењето на кадидатите предвидени се шест пати во една година. На испитот кадидатот креира 4 библиографски записи од монографските публикации, кои ги подготвува комисијата. Испитната комисија го оценува квалитетот на записите и кандидатот по потреба го повикува на устен дел од испитот. Успехот на кандидатот го оценува со „положил“ или „не положил“. Кандидатот може да го полага испитот три пати. Ако не го положи испитот, повторно се испраќа на курсот COBISS2/Каталогизација - почетен и повторно креира 30 тестни записи;

6. Кога кандидатот ќе го положи испитот Центарот на ВБ му издава потврда за добиена лиценца за заемна каталогизација;

**Правилникот предвидува исто така и одземање на лиценцата, и тоа во случаите:**

1. Ако каталогизаторот во време од три години не креира нови библиографски записи или не ги дополнува постоечките, лиценцата му се става во мирување;

2. Ако редакторите по трет пат го предупредуваат креаторот за

неусогласеност на записите со каталогизаторските правила и форматот COMARC, веднаш предлагаат да му се одземе лиценцата на каталогизаторот;

3.Ако каталогизаторот го даде на друга особа корисничкото име или лозинката со овластувањата за креирање на нови записи, или пак при ажурирање на записите ги злоупотребува овластувањата, тогаш лиценцата за работа му се одзема во траење од 3 години.

Правилникот за издавање на дозволи за заемна каталогизација им налага на каталогизаторите стално стручно оспособување по програмот за обука на НУУБ - Скопје и Центарот на ВБ. За континуирана проверка на библиографските записи задолжена е група на редактори од заемната база на податоци, која ја именува НУУБ - Скопје и Центарот на ВБ. Двапати годишно е предвидено проверка на квалитетот на случајно избрани 50 библиографски записи. Во случај на неадекватно креирани записи според правилата за каталогизација и форматот COMARC се известува установата каде е каталогизаторот вработен за направените грешки.

## МАРИБОРСКА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА УЛОГАТА НА БИБЛИОТЕКИТЕ ВО ЕВАЛВАЦИИТЕ И АКРЕДИТАЦИИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ

Констатиравме дека ретки се примерите на адекватно уважување на придонесот на библиотеките за повисок квалитет на високото образование, бидејќи во националните стандарди и критериуми при евалвација и акредитација воопшто не се спомнуваат библиотеките или се третирани сосема маргинално. Тоа го поврзуваме со случаите на основање на високошколски установи и воведувањето на нови програми за кои не е обезбедена современа библиотечно-информациска поддршка. Заради тоа мораат да бидат свесни, како студентите кои во такви услови не можат да постигнат добар успех во студирањето, така и финансиерите кои вложуваат средства во неперспективни високошколски проекти.

Како библиотекари и библиотечни информатори апелираме до раководствата на универзитетите и на владите во државите, во своите развојни стратегии и политики да го применат веќе проверениот факт дека без добри библиотечно-информациски системи нема квалитетно високо образование. Очекуваме дека, во националните системи, при вреднувањето на квалитетот во високото образование, библиотеките ќе бидат третирани како битен елемент без кој високото образование не ќе може да биде конкурентно во заедничкиот европски високообразовен простор. Библиотечно-информациските системи обезбедуваат транспарентност на резултатите од истражувачката и педагошка работа, која е неопходна за размена на студентите и наставниците и за поврзување во заеднички проекти.

Усвоено во Марибор, 30-ти ноември 2006 година

## СОБРАНИЕ НА ХРВАТСКОТО БИБЛИОТЕКАРСКО ДРУШТВО

*Приредила Јелена Петровска, виш библиотекар*

### Тема на собранието: Библиотеките - ризници на пишаното и дигитално наследство

На покана од Библиотекарското друштво на Хрватска присуствував на 35. Собрание на ХКД (Хрватско књижничарско друштво) кое што оваа година се одржа од 27-30 септември на Плитвичките езера.

Хрватското библиотекарско друштво покажа дека и оваа година како впрочем и минатите години е секогаш во тренд на случувањата во библиотечната наука во светот, но исто така дека внимателно го гради националниот концепт за развој на библиотекарството во државата.

Темата на собранието беше конципирана во повеќе работилници: **Дигитализација на библиотечната граѓа; Заштита на библиотечната граѓа; Примери на добрата практика; Заштита, обнова и користењето на граѓа од периодика; Обезбедување на финансиските средства преку проекти и донации.**

Првиот ден Собранието работеше со извештаи од секциите за различните видови на библиотеки додека другите учесници беа активно вклучени во стручните средби и договори во врска со реализација на идните проекти. Сле-



Од поздравниот говор

деа излагањата од видни експерти од библиотечната дејност но и претставници на државата, архиви, музеи и други сродни дејности.

Во неофицијалниот дел беше организиран излет на Плитвичките езера и посета на меморијалниот центар и родното место на Никола Тесла. Исто така беа посетени и библиотеки во поспецифични планински места како што се Плитвице и Госпиќ кои што и покрај ограничениот број на читатели направија многу интересни приоди во библиотечната работа.

На крајот останувaат прекрасните спомени и контакти со библиотекарите од Хрватска но и многу стекнати знаења кој што ќе ги пренесам на своите колеги.

## ТРКАЛЕЗНА МАСА - COBISS 2006

Годинашната конференција COBISS 2006 која беше посветена на улогата на библиотеките во високото школство со посебен акцент на евалвацијата на нивното работење, се одржуваше од 29 - 30 ноември.

Вториот ден, како учесник на Тркалезната маса, учествував со излагањето на тема „Искуства од евалвацијата на НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола. Учесници на тркалезната маса беа експерти од библиотечната дејност но и претставници на влади и ресорни министерства. Претседавач беше Франци Пивец од ИЗУМ.

Водени беа конструктивни разговори во врска со можностите и неопходноста за развојната поддршка на меѓународната заедница, за развојот и модернизацијата на библиотекарството во регионот и неопходноста од ширењето на мрежата COBISS.Net, како и за размена на библиографските записи како дел од глобалната политика за поголема достапност на информациите во земјите потписници на COBISS.

Како заеднички заклучок од Тркалезната маса произлезе и „Мариборската декларација“ како препорака на сите влади од регионот за воспоставување на квалитет и конкурентност на националните високошколски системи со трансформација на библиотечниот систем достоен да биде логичка поддршка на ефикасно и ефективно високо образование.

Документот за улогата на библиотеките во евалвацијата и акредитација на универзитетите е едногласно усвоен од страна на присутните библиотекари и упатен кон управите на универзитетите и надлежните министерства во регионот.

Забележително беше излагањето на Catherine Mocellin од Франција во врска со заштитата на дигиталните збирки и на извонредните научни трудови од библиотечните експерти од Хрватска пред сѐ Александра Хорват, Марина Михалиќ, Иванка Стричевиќ, Ирена Пилаш, Татјана Апарац-Јелушиќ и др.

Со оглед на важноста на донесување на стратешкиот документ т.е. Националниот програм за дигитализација на архивската, библиотечната и музејската граѓа можеше да се забележи сѐ поголема ангажираност на библиотекарите од цела Хрватска за унапредување на библиотечната дејност и поголема ориентираност на Хрватското друштво кон неопходноста од трансформација и развој на библиотеките, како еден од најзначајните сегменти на патот на Хрватска кон Европа. Финансирањето на проектите од областа на библиотекарството беше посочено како извор на новите библиотечни услуги, а работилницата која што ги третираше проблемите во врска со изнаоѓање на финансиски средства и убедување на потенцијалните донатори и спонзори обилуваше со позитивни примери од практиката.

*Стануваме поблаги во судењето за другите луѓе ако сме дошле до сознание за сопствените слабости.*

***Тагоре***

# МАКЕДОНСКО-АЛБАНСКА СРЕДБА НА БИБЛИОТЕКАРИ

*Приредила Цветанка Дамјановска, виш библиотекар*

Во периодот од 6 до 7 јули 2006 година во просториите на Националната установа-Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Битола се одржа Македонско-албанската средба на библиотекари (Takim maqedon-shqipetar i bibliotekarve), која произлезе од проектот, „Заедно од двете страни на границата“ („Bashke nga dy ana e kufirit“).

Ц**елта** на проектот беше да се унапредат долгорочните структурни промени во областа на културната политика, развојот и примената на различните модели на културното дејствување со посебен акцент на проектите „**преку границите**“. Оваа средба е прва од оваа форма на нови начини во библиотечното работење со тенденција да се прошири и на други држави во нашето опкружување.

На средбата беа присутни библиотекари од НУУБ - Битола, Библиотеката „Тими Митко“- Корча (Р. Албанија) и библиотекари од Народната библиотека „Борка Талески“- Прилеп како и проректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.




Средбата отпочна со работа во 11 часот на 6 јули 2006 година, со следниот дневен ред:

1. Прием на гостите
2. Воведен збор за проектот и целта на средбата
3. Презентација за работата на НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола
4. Дискусија за искуствата на библиотекарите од Р. Албанија и Р. Македонија (еврорегионот)

Излагањата се одвиваа паралелно на македонски и на албански јазик со обезбеден превод на двете страни. Воведниот збор за проектот и целта на средбата го даде раководителот на проектот Цветанка Дамјановска, виш библиотекар, потоа следеше презентацијата за работата на НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола од страна на директорот Јелена Петровска.

По третата точка се поведе дискусија за искуствата на библиоте-






карите од двете држави. Директорот на библиотеката „Тими Митко“-Корча, Скендер Руси ја објасни позицијата на библиотеката во рамките на локалната самоуправа, нејзиното финансирање, бројот на вработени, фондот на книги, компјутеризацијата која е на почеток и др. Во дискусијта учествуваа и Сократ Шепери, Татјана Лигори, Лири Ѓока, а во својство на преведувач беше Митре Неделко од Корча.




Свои дискусии имаа директорката на библиотеката „Борка Талески“-Прилеп, Благица Илиоска и вишиот библиотекар, м-р Наде Караџоска. На гостите им се обрати и проректорот на универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола д-р Добри Петровски.

Гостите од Корча, од својата богата читателска традиција, донираа книги од албански автори кои беа изложени во витрините на библиотеката како понуда за нашите читатели кои сакаат да читаат на албански, а воедно го збогатија фондот на нашата библиотека.




Беше организиран и ручек со македонски специјалитети.

Вториот ден, гостите го посетија и музејот на град Битола и се запознаа со останатите културни содржини што ги нуди нашиот град.

Општа оценка од сите присутни беше дека **бараните ефекти** од проектот се постигнати и дека дискусиите ќе придонесат за практични и конкретни придобивки во библиотечното работење на двете земји и можноста за меѓугранична соработка. Беше договорено од двете страни дека оваа средба треба традиционално да продолжи во библиотеката „Тими Митко“ во Корча, со организирање на предавања и работилници каде ќе се евалуираат состојбите во библиотеките. Посебен акцент ќе биде ставен на можностите за изработка на заеднички проекти од областа на современото библиотечно работење.

Целата средба беше медиумски покриена од страна на новинарите од локалните и републичките новински и телевизиски медиуми.

# НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ

Одлуката на Советот на СОНК од 2.09.2006 година за распишување на избори во основните организации на СОНК беше спроведена и во НУУБ - Битола на 17.10.2006 кога се одржа Собрание на членовите на Основната организација на СОНК при Библиотеката. Извештај за работата на СОНК во изминатиот мандат на претседателството поднесе претседателот на Основната организација на СОНК Драги Кабровски кој беше повеќе од два мандати нејзин претседател. Делегат од регионалниот СОНК беше Бегаевска Ана која зеде учество во дискусијата де Доневски. Всушност, несвикувањето на членовите на Основната организација на СОНК пред претседателот да го потпише истиот, како и неговото неистакнување на огласна табла после неговото потпишување (тоа беше сторено дури по два месеци) предизвика големи негодувања кај вработените. Се правеа списоци за вонредно свикување на Собрание на СОНК во јули месец, но до тоа не дојде заради притисокот што го направи директорката на Библиотеката кај некои вработени со изговор дека не се сите членови вратени од летните одмори. Сепак на 17-ти октомври се одржа редовно Собрание на кое беа предложени двајца кандидати: Драги Кабровски и Стојановски Илче. Со 17 гласови наспроти 11, за нов претседател на Основната организација на СОНК беше избран Стојановски Илче. За потпретседател и понатаму остана Јоланда Бошевска, а се променија членовите и замениците на Надзорниот одбор. Директорката Јелена Петровска, најверојатно во својство на член на СОНК пред предлагањето на кандидатите запраша дали може да се предложи дотогашниот претседател, а откако беше предложен неговиот опонент Илче Стојановски, таа почна да го потсетува дека тоа е многу одговорна работа, да не случајно се премисли. Таа се обиде дури пред делегатот на Собранието да каже дека кај нас потпишувањето на Колективниот договор било транспарентно, на што имаше силно негодување на присутните.



Илче Стојановски во средината

по повод Колективните договори кои ги потпишуваа претседателите на СОНК со претходна направена систематизација на институциите според овој Колективен договор. Таа истакна дека за ваквите систематизации одврзани раце на институциите им даде ресорното министерство со што се предизвика хаос затоа што овие систематизации беа правени повеќе по личности отколку по стручноста.

Во својот Извештај, претседателот на СОНК Драги Кабровски го пропушти делот на потпишувањето на Колективниот договор, на што со дискусија се јави Мен-

Било како било, за нов претседател на ОО на СОНК беше избран Илче Стојановски.

## ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА 2007 ГОДИНА

1. Збогатување на книжниот фонд;
2. Тркалезна маса - втора традиционална средба со роднокрајни писатели;
3. Информативен каталог;
4. Персонална библиографија за Вера Стојчевска - Антиќ;
5. Библиотечна музејска поставка на Битола и битолско;
6. Заштита на библиотечниот материјал;
7. Културни активности;
8. Автоматизација на библиотеките од западниот регион;
9. Битолско книжевно наследство (изложбан а книги и промоција на автор) во Културно-информативниот центар во Софија;
10. Поддршка и развој на нови форми на библиотечно работење македонско-албанска средба на библиотекари („Заедно од двете страни на границата“) 2 фаза;
11. Изведување на приклучок;
12. Списание „Библиотечен тренд“ (во тек на одобрување по поднесен приговор);
13. Авторите од подпелистериeто, Том 1.

# ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „ПРИВАТНИТЕ БИБЛИОТЕКИ ВО БИТОЛА“



Во чест на Патронот свети Климент Охридски на 9 декември во салата за промоции на НУУБ - Битола се промовираше книгата Приватните библиотеки во Битола од Ленче Андоновска, виш библиотекар. Книгата произлезе од проектот „Истражување на приватните библиотеки во Битола“ на авторката во кој зедоа учество и Гордана Пешевска, систем инженер, Благој Николов, библиотекар советник и Науме Ѓоргиевски, виш библиотекар и директор на Библиотеката.

На промоцијата присуствуваа видни гости од градот и државата меѓу кои заменик министерот за култура Слободан Деспотовски, Трајанка Марковска, советник за библиотекарство при Министерството, членот на Парламентот Анета Стефановска и градоначалникот на Битола Владимир Талевски.

Од разговорот со авторката дознаваме дека целта на истражувачката група била да ги регистрира постојните приватни библиотеки во градот. За да ја остварат целта се обратиле до масовните медиуми преку кој ги поканиле граѓаните кои поседуваат свои библиотеки да достават информации за истите. Одѕивот бил голем. Се пријавиле околу 40 лица кои имале над 1000 наслови. Со претходен договор биле посетувани во нивните домови со што бил направен увид во профилот на секоја приватна библиотека. Презентираните приватни библиотеки се хетерогени. Ги има сосема стручни (Никола Христовски - биологија, Јане Димулковски - медицина, Владимир Костов - литература, Борче Радевски и д-р Душко Константинов од повеќе области. Ги има семејни од една, две или три генерации (Константинови, Бомбол). Потоа, интересна е да се спомене личната библиотека од 5000 наслови на Митрополитот Преспанско-пелагониски и администратор Австралиски и Новозеландски г. Петар, проф. д-р Борис Ангелковски (4000 наслови), проф. д-р Божидар Маслинков (4000 наслови), проф. д-р Трајко Огненовски (4000 наслови), писателот Владимир Костов (над 3000 наслови), бившиот директор на Библиотеката Методија Размовски (над 3000 наслови) и критичарот и писател Доне Пановски (над 3000 наслови), итн.



Еве што ни рече Ленче: „како универзитетски град со голема традиција Битола се гордее со своите граѓани кои макотрпно собирале книги и како богатство истите ги зачувале за себе и за поколенијата. Со гордост истакнувам дека за првпат се истражени приватните библиотеки. Можеби останаа и други приватни библиотеки кои не се истражени затоа што не дошла информацијата од медиумите до сопствениците. На истите, доколку ги има, им се извинуваме и се надеваме дека во наредниот период, во една следна фаза, истите ќе бидат истражени. Исто така, ја користам оваа пригода да им се заблагодарам на сопствениците на приватните библиотеки за убавиот прием и нивната подготвеност за соработка без која овој проект не ќе можеше да се реализира“.

# ПРВА НАГРАДА НА 7. РЕПУБЛИЧКИ НАТПРЕВАР „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ" ВО РАДОВИШ

*Приредила Јоланда Бошевска,*
*виш библиотекар*



ОдОпштинскиотнатпревар„Младибиблиотекари"одржанна18.10.2006година

Во организација на Библиотекарското друштво на Македонија, на 17 ноември 2006 година, во Радовиш, беше одржан седмиот по ред Републички натпревар „Млади библиотекари". На натпреварот учествуваа триесетина натпреварувачи од повеќе градови во Републиката, победници на претходно одржаните Општински натпревари.

Викторија Блажеска, ученичка во VII одделение во ОУ"Климент Охридски" - Битола, беше претставник од нашата Библиотека. Во модерно преуредените простории на Библиотеката младите натпреварувачи со нивните ментори и останатите гости беа топло поздравени од директорот на Библиотеката, а претседателот на Комисијата за спроведување на натпреварот ги запозна кандидатите со правилата за полагање на тестот. Тестот имаше 21 прашање, а траеше 60 минути.

Додека тричлената комисија, во состав: Миле Бошевски, претседател, Слободанка Дуева и Иванка Соколова, членови, ги прегледуваа тестовите, беше организирана пријатна прошетка по топлото и сончево време низ Радовиш, при што ја посетивме и црквата „Света Троица".

Бевме пријатно изненадени и, се разбира, возбудени кога после долгото читање и доделување на благодарниците за учество на секој од кандидатите и дипломите за освоено трето и второ место, сватиме дека единствено неповикана остана нашата Викторија. Таа го освои првото место со максимални 160 бодови. Радоста и задоволството за постигнатиот успех беше преголема за Викторија како нејзин личен успех и за нас како Библиотека.



Миле Бошевски ја доделува Првата награда на Викторија Блажевска на Републичкиот натпревар „Млади библиотекари"

## АНЕТА СТЕФАНОВСКА
## ПРВ БИБЛИОТЕКАР ПАРЛАМЕНТАРЕЦ



Анета Стефановска, виш библиотекар и успешен директор во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола продолжува со својата ангажираност во полето на културата. Имено, таа е првиот библиотекар кој станал парламентарец. Наредните четири години ќе ја гледаме во пратеничките клупи. Таа веќе активно работи на помагање на библиотекарството во Македонија. На крајот од 2006 година поднесе амандман за зголемување на буџетот за библиотеките за 2 милиони денари, кој беше усвоен.



*Приредил Драги Кабровски*

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ

**04.07.2006 г.**
**СРЕДБА СО ПИСАТЕЛ**

Средба со **Радован П. Цветковски** писател од Битола член на **Друштвото на писатели на Македонија.** На средбата писателот се осврна на творештвото на писателот **Владимир Костов** од Битола со посебен акцент во излагањето за неговиот **„Хераклејски мозаик“**. Потоа во кратки црти се осврна и на своето творештво, а присутните гости поставија и неколку прашања до писателот.

**05.07.2006 г.**

По повод одржувањето на **Хераклејските вечери** во Битола НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола активно се вклучи во одбележувањето на оваа културна манифестација со следните активности:

-Изложба на книги од нобеловецот Иво Андриќ

-100 години од смртта на Хенрик Ибзен

-150 години од раѓањето на Бернард Шо

- Струшки вечери на поезијата
- Тематска изложба на книги

**06.07.2006 г.**
**СРЕДБА НА БИБЛИОТЕКАРИ**

На **06.07.2006** година во Библиотеката со почеток во **11** часот се одржа **Македонско-албанска средба на библиотекари** насловена како **„Заедно од двете страни на границата“.** Гости беа претставници на библиотеката **„Тими Митко“- Корча, Р. Албанија.** Целта на средбата беше да се унапредат долгорочните структурни промени во областа на културната политика, и примената на различните модели на културното дејствување, состојбите во библиотеките, автоматизација на библиотечните процеси и можности за понатамошна соработка.



Средбата ја отвори и гостите ги поздрави директорката на Библиотеката- ѓ-ѓа Јелена Петровска. Присутен беше и проректорот на Универзитетот од Битола проф. д-р. **Добри Петровски**.

**11.07.2006 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ**

Предавањето на тема: **„Човекови права и права на децата“** се одржа во салата за промоции на Библиотеката со почеток во **12** часот. Предавач беше проф.. д-р **Златко Жоглев** од **Педагошкиот факултет** од Битола**.**

**25.07.2006 г.**
**ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА**

Учениците учесници на Креативната работилница изработија ликовни дела на мотиви од стара Битола и по тој повод Библиотеката во холот и големата сала им организира изложба.

**28.07.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА**

Во рамките на **Битолското културно лето,** а во состав на фестивалот на народни игри и песни **„Илинденски денови“** во Центарот за култура се организираше **Изложба на Македонски уметнички ракотворби со учество на 40 ракотворци од Македонија.** Библиотеката како подржувач на манифестацијата беше промовирана со свој штанд со библиотечен материјал. Изложбата свечено ја отвори **министерот за култура г-дин Благој Стефановски.**

**28.07.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод големиот празник на македонскиот **народ 2 Август - Илинден,** во холот на Библиотеката беше организирана традиционална тематска изложба на книги за овој голем историски настан. На изложбата беа презентирани 100 монографски публикации од фондот на Библиотеката.

**08.08.2006 г.**
**НАСТАВА ВО ПРИРОДА**

За учениците учесници во Креативната работилница организираа настава во природа на теренот на Тумбе Кафе, од волонтерките - дипломирани воспитувачи од Педагошкиот факултет од Битола.

**21.08.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод одржувањето на културната манифестација од светски карактер **„Струшки вечери на поезијата“** на 21 Август Библиотеката организира **Изложба** на книги од писатели досегашни учесници и кратка биографија со портрет од сите досегашни добитници на наградата **„Златен венец на поезијата“.** Исто така на изложбата беа поставени и книги во издание на институцијата Струшки вечери на поезијата.



**22.08.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА**

Во големата сала за промоции на Библиотеката беше поставена Изложба на кукли што беа изработени од учесниците на Креативната работилница што Библиотеката ја организира за време на летниот распуст на учениците.

**23.08.2006 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ**

За учесниците на Креативната работилница беше одржано предавање од стручно лице од полиција за темата: **„Култура во сообраќајот“.**

**09.10.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

Со тематската изложба насловена како **„Историја на Македонија 1941 до 1945 година“**, со посебен акцент на настаните во **Прилеп, Куманово, Битола, Скопје, Кичевско, Гостиварско, Тетовско, Охридско, Струшко, Тиквешијата, Богданци, Велес, Гевгелија и др.** беше одбележан **11 ти Октомври - Денот на востанието на македонскиот народ.**

**14.10.2006 г.**
**„ЛИТЕРАТУРНО ПАТУВАЊЕ ВО СРЦЕТО НА БИТОЛА“**

По повод **„Меѓународниот ден на книгата 2006“**, **Француската алијанса** во соработка со **НУУБ „Св. Климент Охридски“** на ден **14 Октомври 2006 од 10 до 18 часот** имаа програма на тема:**„Литературно патување во срцето на Битола“**

**10.00 (Читална):** Рецитирање на песни од ученици.

**15.00 (Читална):** Конференција на литературни дела за Битола.

**16.00 (Медијатека):** Прикажување на анимирани филмови за деца.

**17.00 (Читална):** Доделување на награди на поединци по конкурсот за рецитирање.

**17.30 :** Коктел.

**18.10.2006 г.**

**ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР НА МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ**

Во организација на Националната библиотеката **„Св. Климент Охридски“** од Битола, на овој ден со почеток во 12 часот, во читалната се одржа **Општинскиот натпревар „Млади библиотекари“** На тест-натпреварот учествуваја **12** натпреварувачи од Основните училишта. Натпреварот го спроведе комисијата во состав: **Бошевска Јоланда - претседател; Стојановски Илче - член; Кабровски Драги- член.** Првата награда отиде кај Викторија Блажеска ОУ „СВ. Климент Охридски“ од Битола со освоени 47 бодоби. Втората награда ја доби Габриела Стојановска ОУ „Браќа Миладиновци“ од с. Добрушево со освоени 41




бод, третата награда ја доби Ангела Гулевска ОУ „Св. Кирил и Методиј“ од Битола со освоени 38 бодови. На трите ученички им беа доделени награди со книги и дипломи, а на останатите благодарници и по една книга. Првопласираната **Викторија Блажеска** се стекна со право да ја претставува Библиотеката на **Републичкиот натпревар „Млади библиотекари“.**

**20.10.2006 г.**

**ПРЕДАВАЊЕ НА ДР. НИКОЛА ВИДЕВ**

Во големата сала за промоции со почеток во **19 и 30** часот се одржа предавање на тема: **„Хроно- морфологијата и метаболизмот: Исхраната и телесната градба“.**

**25.10.2006 г.**

**РАБОТИЛНИЦА ЗА КОНКУРС**

Во рамките на проектите „**Пријателски библиотеки за сите граѓани“ и „Поддршка на подготовката**



**на националната стратегија за развој 2005-2015 за Македонија,** базирана на „**Милениумските развојни цели**“, имплементирани од Програмата за развој на **Обединетите нации** се распиша **конкурс** за најдобри лични творби за Милениумските развојни цели.

Во Роднокрајната читална Библиотеката организира работилница во време траење од 3-4 часа за заинтересираните професори за конкурсот, со предавач обезбеден од **УНДП.** Целта на работилницата беше подобро запознавање на професорите со **Милениумските развојни цели**, за да им ги пренесат информациите на учениците и воедно да ги мотивираат да учествуваат на конкурсот.

Конкурсот беше наменет за ученици од **VI-VIII** одделение од основните училишта во следните четири категории: **литературни творби по македонски јазик, литературни творби по англиски јазик, ликовни творби и музички творби**.

**26.10.2006 г.**

**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод **„Месецот на книгата“** и доделувањето на наградата **11 ти Октомври** за литература на писателот **Коле Чашуле,** Библиотеката постави изложба под име: **„Коле Чашуле - живот и дело“.**



**27.10.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА**

**Библиотеката и Француската алијанса** од **Битола,** по повод **„Месецот на книгата“** со почеток во **18**



часот организираа промоција на книгата: ***„Џахиз и истребувачите на кучиња“*** од ***Пајо Авировиќ,*** прогласен за **роман на годината од Утрински весник.** Промотор на книгата беше **Ѕвездан Георгиевски,** уредник на културната рубрика на Утрински весник од Скопје.

**03.11.2006 г.**
**РАБОТНА СРЕДБА**

По повод **„Месецот на книгата 2006“** и **Денот на ослободувањето на Битола 4 Ноември, Библиотеката** организираше работна средба со роднокрајни писатели од Битола, членови на **Книжевниот круг** и **ДП на Македонија.**

**03.11.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Библиотеката во соработка со **Издавачката куќа „Макавеј“ од Скопје** ја промовира книгата:***„ Поетот и убавата разделина“*** од **Иван Чаповски** од **Скопје.**



За книгата зборуваа: **Бранко Цветкоски, главен уредник на ИК „Макавеј“ и Младен Србиновски литературен критичар од Скопје.**

Исто така во холот на Библиотеката беше приредена **Изложба** на книги од овој наш познат писател.

**10.11.2006 г.**
**СРЕДБА СО ВЕНКО АНДОНОВСКИ**

Неговиот најнов роман **„Вештица“** го промовираше проф. д-р. **Златко Жоглев** од **Педагошкиот факилтет** - Битола. Истовремено преку видеобим можеа да се видат сите досега објавени книги на овој плоден македонски писател.



**16.11.2006 г.**
**ЛИТЕРАТУРНА СРЕДБА**

По повод ***„Месецот на книгата“,*** Библиотеката во соработка со **Основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“** од Битола организираше **литературна средба** со детскиот писател **Јован Боцевски.**

На средбата присуствуваа ученици од прво до осмо одделение предводени од своите наставници, при што се запознаа со животот и делото на овој наш битолски писател кој спаѓа во редот на најчитани детски писатели во Библиотеката.

**20.11.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**

По повод гостувањето на еминентните македонски писатели: **Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Раде Силјан, Веле Смилевски** во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги од споменатите автори насловена **„Читајте ги македонските писатели“.** На изложбата имаше и книги од реномирани битолски автори.





**22.11.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГИ**

Во рамките на ***„Месец на книгата“*** беа промовирани книгите **„Парче Тајна“ и „Хартиени гулаби“** од младата поетеса **Маја Стела** во издание на **Матица македонска** од **Скопје.** Промотори на книгите беа **Венко Андоновски и Светлана Христова - Јоциќ од Скопје.**

На промоцијата присуствуваа повеќе еминентни писатели: **Гане Тодоровски, Матеја Матевски, Раде Силјан, Веле Смилевски.**

**07.12.2006 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ - ПАТРОНАТ**

По повод патрониот празник **Свети Климент,** во холот на Библиотеката беше организирана **тематска Изложба „ВО ЧЕСТ НА ПАТРОНОТ СВ. КЛИМЕНТ“.** Изложбата беше комбинирана со објавени текстови и фотографии во периодичните публикации.

**09.12.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

По повод одбележувањето на **патрониот празник** на **Библиотеката** во саботата се одржа промоција на книгата **„Приватните библиотеки во Битола“** од **Ленче Андоновска,** вработена во Библиотеката.

На промоцијата словото за **Климент** го прочита **Сашо Огненовски,** в.д. директор на **Народниот театар** во Битола. Присуствуваа голем број на гости меѓу кои градоначалникот **Владимир Талески,** пратеничката во парламентот **Анета Стефановска,** заменик министерот за култура на Р. Македонија **Слободан Деспотовски.** Присутните гости ги поздрави



директорот на Библиотеката **Науме Ѓорѓиевски** кој продолжи со свое излагање пред присутните. Свое обраќање имаше и заменик министерот за култура на Р. Македонија **Слободан Деспотовски.** Промотор на книгата беше проф. д-р **Кристи Бомбол**. На крајот од промоцијата во холот на Библиотеката беше приреден скромен коктел.

**12.12.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

Во рамките на програмата за одбележување на **патронот Свети Климент** беше промовиран најновиот роман на писателот **Цане Здравковски, „Широк сокак“.**

Промотори беа проф. д-р **Трајко Огненовски** и писателот **Добре Тодоровски** од Битола. На промо-





цијата се читаа извадоци од романот и беа исполнети неколку битолски староградски песни од пеачката група **„Сирма“** при **Здружението на пензионерите** - Битола.

Писателот **Цане Здравковски** на крајот од промоцијата му ги предаде неговите ракописи на Роднокрајното одделение.

**15.12.2006 г.**
**„ПОЕТСКИ БРАНУВАЊА 2006“**

**Поетските бранувања** се одржаа по **тринаесетти** пат. На средбата која имаше натпреварувачки карактер присуствуваа и учество зедоа ученици од сите **основни училишта** од градот и членови на литературните секции со по една литературна творба - поезија.

Жири комисијата во состав: Мерковски Илија - претседател, Кабровски Драги и Стојановски Илче - членови, на најуспешните творби им додели награди во комплети книги и тоа **три трети, три втори и една прва награда.**

**1. Прва награда** - **Блажеска Викторија** VII одд. од ОУ „Св. Климент Охридски“- Битола за песната „На другата страна на буквите“.



**2. Втора награда** - **Стојчева Ана** VIII-3 одд. од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ за песната „Трепери срцето мое“.

3. Втора награда - Караџовска Ана-Марија VIII- 2 одд. од ОУ „Гоце Делчев“ за песната „Бранување во душата“.

4. Втора награда - Несторовска Андреа VIII- а одд. од ОУ „Даме Груев“ за песната „Патот до вечната љубов“.

**5. Трета награда - Бакиевска Флорина** VIII одд. од ОУ „Св. Климент Охридски“.

6. Трета награда - Гершанова Марија од ОУ „Тодор Ангелевски“.

7. Трета награда - Гиковски Дарко од ОУ „Елпида Караманди“ за песната „За Климент“ .

**20.12.2006 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ И ИЗЛОЖБА**

**Боблиотеката и Здружението за македонско-руско пријателство** организираа предавање на две теми поврзани со два значајни настани од историјата на Русија: првиот, кревањето на **Декабристичкото востание** во **1825** година, за уривање на тогашниот режим во Русија и вториот, самоубиството на рускиот поет **Сергеј А. Јесењин** во **1925** година. Предавачи беа: проф. **Здравко Божиновски и проф. Спаса Влашковска од Битола.**

Истовремено беше приредена изложба на книги од руските класици **Александар С. Пушкин и Сергеј А. Јесењин**.





**22.12.2006 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА КНИГА**

**Македонското научно друштво** организираше промоција на монографијата **„Пелистерски езера“** од проф. д-р **Драган Василевски** од **Институтот за географија** при Природно-математичкиот факултет во Скопје. За монографијата говореа: проф. д-р **Михајло Зиков,** рецензент и проф. д-**р Благоја Маркоски,** шеф на Институтот за географија од Скопје. Присутните гости беа поздравени од претседателот на МНД од Битола **Димитар Котевски и Никола Димитров** од Бирото за развој на образованието од Битола.

**28.12.2006 г.**
**ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ**

**Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“** организираше средба на која беа соопштени резултатите и доделени наградите за најуспешни лични творби по објавениот **конкурс за Милениумските развојни цели.**

**Прва награда - македонски јазик**
**„Крик против сиромаштијата“**
**Стојкоски Виктор VII одд.**

**Втора награда - македонски јазик**
**„Да се ослободиме од сиромаштијата“**
**Ангела Цветковска V-2 одд. ОУ „Тодор Ангелевски“**

**Трета награда - македонски јазик**
**Ивана СтојановскаVII-а одд. ОУ „Сл. Лумбарковски“Новаци**

**Прва награда** од областа на **ликовната култура:**
шифра ѕвезда
**Сара Темелковска VI-1 одд. ОУ„Гоце Делчев“**
лик. педагог Кристина Стојанова





**Втора награда:**
Шифра: Нов почеток -
**Наташа Ласовска VII-1 одд. ОУ „Гоце Делчев“**
лик. педагог Кристина Стојанова

**Трета награда:**
Шифра: морска ѕвезда
**Дејан Трајковски VI- 3 одд. О.У. „Гоце Делчев“**
лик. педагог Кристина Стојанова

Доделени се и **три награди од творештвото на англиски јазик:**

**Прва награда**: **Андреа Петковска VI-1 одд. О.У. „Гоце Делчев“**
„We must help nature“
**Втора:** награда**: Дарија Стаматова „Гоце Делчев“ VI-1 одд.**
„Save our nature“
**Трета награда**: **Емилија Десановска VI- 2 одд. ОУ „Гоце Делчев“**
„If the nature could talk“

**За музичка творба**
**Прва награда - музичко творештво:**
**Апостоловски Виктор VIII одд. ОУ**
**„Ѓорѓи Сугарев“** со песна на ЦД **„Сите ние тука живееме“.**

# ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА
## БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Стеванка Петковска*

Детската библиотека стана модерно и современо катче за најмладите читатели. Таа е збогатена со сите видови детска литература, почнувајќи со лектири, па се до енциклопедии, разни видови речници и сликовници. За повозрасните (тинејџерите) еве неколку наслови од најновите изданија на нашите издавачки куќи:

1. СЕНКИ - Тим Баулер
2. СМРТОНОСНА КРИЕНКА - Мишел Гримо
3. ДОБРИ ДРУГАРКИ, ЛОШИ ШЕМИ И ГРАДНИК НА ДУЕЊЕ - Кети Хопкинс
4. ЖИВОТОТ Е ОДЕЊЕ ПО ЖИЦА - Блан Жан Ноел
5. ИСТОРИЈАТА НА НАРНИЈА I, II, III, IV, и V дел - Клајв С. Луис
6. МАЛАТА ПРИНЦЕЗА - Франсес Хаџсон Бернет.
7. Собибор - Жан Мола
8. БАЛАДА ЗА ГАЌИЧКИТЕ НА БУГА - Томислав Загода
9. ТАЈНИОТ ЖИВОТ НА АДРИЈАН МОЛ - Сју Таунсенд
10. ПРИКАЗНА ЗА ЕДЕН ТАПОГЛАВКО ОД ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ - Џуди Блум
11. РОЗА И МИМОЗА - Косара Гочкова
12. МИО, МОЈ МИО - Астрид Лундгрен

**НА ДРУГАТА СТРАНА НА БУКВИТЕ**
(Прва награда „Бранувања 2006")



Белината на страните минува низ призма
на другата страна станува виножито сјајно.
Се преплетуваат бои и градат една слика
која се сместува во душата трајно.

Целиот свет може да го смести
на неколку страни, во неколку збора
меѓу оловни букви да го скрие,
а сепак, сепак да му е знаен
на окото од таа светлина што пие.

Често знае поглед да ти земе
да заскиташ така, да сонуваш буден.
Како да не седиш во својата соба,
а си дел од некој друг свет чуден.

Долго може да останеш така
без поим за место ниту за време
и ти се чини дека на чуден начин
се симнало од тебе сето бреме.

И ако некој викне доволно силно
да слушнеш и ти од далечини светли
не ќе треба многу за да се најдеш
разбуден од сонот сред страници бели

Викторија Блажеска VII 3 одд.
ОУ „Св. Климент Охридски"- Битола

***ВИ ГО ПРЕТСТАВУВАМЕ***

**СВЕТОЗАР ТАСЕВСКИ**



Бесилка над чадот (1963), Збирка Мислата пее и раскажува (1966), Отпорности (1969), Рамка на зборот (1991), Орнаменти 2 и 3, Голгота за три вистини (2003)

*ШАРЕНО КАТЧЕ ЗА КНИГАТА*

**Т**ие шарени крилја сакам да ги посветам на книгата
**А** што за библиотека можам зошто да сме без таа чест
**А**ко писателот е упатен во творештвото сè ќе создава

**Е**дноставните мисли писателот ги зема од свои блиски

**Т**аа поезија со мисла може да биде како торсо и труп
**О**наков како што писателот го замислува во таа песна
**Р**аботена и создадена по свои размисли, се чита проза
**З**а леснина на децата, децата се наша најубава музика
**О**вој мал прилог е детска фантазија децата ќе читаат

*ЅИДАР*

Глето, шило чекан чука, ќоше прави ете тука
метро конец висок мал, ѕид тој ѕида не со кал
сега куќа тој ќе прави од камен и тули здрави
греди прави бела вар тој направил голем дар

Од чукање гласот ека, градбата го него чека
негова е цела радост, кога брзо расте градот
во иднина тој ќе гради, стамбени и нови згради
парни пекари и мостови, нови фабрики и домови

*МЕЧКАТА И ДЕДО*

Застанала мечка сива, кај голема нива
и надолу гледа, да го види деда
од оздола дедо иде, мечката ја виде
и полека оди, неа да ја годи

Клекна дедо на колена, пушката ја крена
и со неа пукна, мечката ја чукна
за нозе ја стегна, со ортома јака
почна да ја влече со негова рака

Кога дојде дедо, со мечката сива
ја обеси пред куќата, на сувата слива
кожата ја продаде, месото го свари
и направи сапун за ефтини пари

**БРАНКО НАУМОВСКИ**



Бранко Наумовски е поет, раскажувач, писател за деца и возрасни, новинар. Роден на 1.03.1941 година во с. Дихово Битолско. Основно образование завршил во родното место, Учителска школа и Педагошка академија во Битола, а Филолошки факултет завршил во Скопје на Универзитетот „Кирил и Методиј“. Подолго време живее и работи во Сиднеј, Австралија. Со пристигнувањето во Сиднеј во 1970 година ја организирал првата драмска група во предградието Рокдеал и во негова режија биле изведени драмите „Печалбари“ од Антон Панов и „Бегалка“ од Васил Иљовски.

Во 1981 година станува прв предавач во гимназијата во Когра (средно училиште) и е прв наставник што на македонски јазик ја изведе првата генерација на матуранти - Македончиња кои добија можност да се образуваат на својот мајчин јазик. Во 1986 година Бранко Наумовски држи семинар за наставниците по југословенски јазици на тема „Обработка на лектира во VII (седмо) одделение“ и своите предавања ги држеше на македонски јазик. Неколку години работи во Мултикултурниот центар на Министерството за образование на Нов Јужен Велс, каде изработил учебници по македонски јазик за во редовната настава во основните училишта.

Во 1988 година Бранко бил избран за секретар на Македонскиот просветно-училишен одбор на Нов Јужен Велс. По повод Деновите на македонската култура во месноста Кабрамата, Сиднеј, Бранко го отворил Македонското етничко училиште „Св. Климент Охридски“.




Ги објавил книгите: „Чувар на детските спомени“ (раскази за деца), стихозбирката „Време за спомен“ (поезија за деца) и две стихозбирки за возрасни „Вратете ми ги

времињата“ и „Прострелана ѕвезда“. Од областа на образованието и наставната литература објавил два учебници за редовната настава во Австралија и тоа: „Зборот наш македонски“ наменет за ученици од IV (четврто одделение) и „Античка Македонија“ за ученици од петто и шесто одделение.

На полето на новинарството бил специјален дописник на списанието „Македонија“ на Матицата на иселениците и „Македонија експрес“ од Сиднеј и„Битолски весник“. Една година бил радиоводител на македонската радио станица „Сиднеј Македонија“ и повеќе од три години на македонската радио станица „Радио Луна“.




Матицата на иселениците на Македонија, во 1988 година, го одликува со „Златна плакета“ за неговиот придонес на полето на општествената, просветната и културната дејност во Австралија. Во 1997 година ја добива престижната награда „Иселеничка грамота“ за најуспешен поет во дијаспората. Добитник е и на други награди: „Григор Прличев“ во Сиднеј. Друштвото на писателите на Македонија му доделува награда „Празник на липите“ за 2006 година - Скопје, за песната „Сечењето на липата“. За стихозбирката „Прострелана ѕвезда“ ја доби наградата на градот Битола 4-ти Ноември.

*СЕЧЕЊЕТО НА ЛИПАТА*

Тоа беше миг
кога душата
го напушта телото:
првен,
збрче моторната пила,
потоа се чу
крцкање -
крц, крц, к-р-ц..
Кога липата панда,
кога смртта склопи очи,
црвот од кората
подаде глава
и појде накострешен
по патот
на неговата бесмртност:
да рие во моето срце!

*ВРАЌАЊА*

Се вратив во скутот
на родната земја:
поодблизу да ја слушнам
песната на славејот
и мирисот да го вдишувам
на липите во цутот.
Се вратив да ме погали
развигорот пелистерски,
да го чујам завивањето на дивината,
да си ја подолеснам вината
што заминав оттука.

Се вратив да лежам
во ливадите бујни
со поглед во ширта небесно сина,
цвет див да скинам
и со усните рујни да го милувам
- да не ми свене.
Се вратив
И, мислам, најдов сè што барав...

Но, што беше, Господи, тоа
што ме прати
назад во земјава Нова
- повторно
со поглед вперен
во Сините Планини сиднејски?...
- Да мечтаам
на Земјата Родна?...

*ЅВЕЗДА*

Не вознемирувајте ме!
Оставете ме овде сам
сред овој ценем - храм,
сред овие бездни кобни
солзиве дробни
недоисплакани
да ги доисплачам!

Животов како река - брзак
со времето се врзал:
и чувствувам: ќе се изгуби
како метеор во јунска ноќ.

Ми останууваат уште само спомените
и соништата.

Сè почесто ги сонувам гробиштата
од стари крај:
дувнал некој ветер
- ги изгаснал свеќите,
крстовите ги искорнал,
ги превртел плочите...

Над нив трепери мојава душа - ѕвезда:
го чека својот ред...

Ги отворам очите.
Луѓе!
Не вознемирувајте ме!



*Приредил д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*

## ОСВРТ КОН ДЕЛОТО

# „МОЌТА НА СЕГАШНИОТ МИГ“ ОД ЕКАРТ ТОЛ

**Која е илузијата** за која зборува духовниот учител Екарт Тол? „Ништо не постои надвор од Сегашниот миг“ , е неговиот одговор, и продолжува: она што човекот го подразбира под минато е трага од сеќавање, зачувана во умот за претходниот Сегашен миг. Иднината претставува замислен Сегашен миг, проекција на умот. Животот е сегашен миг. Вечната сегашност е простор во рамките на кој се открива човечкиот целокупен живот, единствениот фактор што не се менува. Сегашниот миг претставува единствената точка која може да не одведе надвор од тесните рамки на умот. Тоа е нашата единствена точка за пристап во безвременото и безоблично царство на Битието.

Умот е тој кој му дава поле на страдањето, а умот опстанува само во минатото и иднината, а никако во Сегашниот миг. Според тоа самото негирање на сегашноста може да доведе до натрупување на непријатности, напнатости, стресови, грижи и сите облици на страв се предизвикани од преголемо присуство на иднина - нашата мисла проектирана во иднината. Од друга страна пак, вината, гризењето на совеста, нетрпеливоста, жалењето, тагата, огорченоста и сите облици на непроштавање настанале поради поголемо количество на минато - враќање на спомените.




Идентификуваноста со умот му дава дополнителна енергија, а набљудувањето на умот ја извлекува енергијата од него. Идентификуваноста со умот создава уште време, а набљудувањето на умот ја отвара димензијата вечност. Се обраќа кон жената: „сè додека од болката градите идентитет за себе, нема да можете да се ослободите од неа. Сè додека еден дел од вашето чувство за сопственото „јас“ е вложен во вашата емоционална болка, несвесно ќе му се спротивставувате или ќе го саботирате секој обид да ја излекувате таа болка. Зошто? Едноставно затоа што сакате да останете неповредени, а болката останала суштински дел од вас. Тоа е еден несвесен процес, а единствениот начин да го надминете е да го направите свесен. Отелотворената болка, според авторот е енергетско поле, односно врзана енергија, се разбира заради извесни нешта што ни се случиле во минатото“. Тоа е минато кое сè уште живее во жената и кога таа се идентификува со болката, таа, всушност, се идентификува со минатото, односно со умот затоа што умот не може да опстанува во сегашноста. Значи, жената се идентификува со умот, односно со егото, односно со болката и тоа ја спречува жената да излезе на крај со отелотворената болка. Навидум ни изгледа дека често жената ја посакува болката за разлика од машката природа која воопшто не сака ни да ја трпи болката. Авторот смета дека на жената ѝ е полесно да го чувствува своето тело и заради својата емоционалност и сексуалност е поблиску до Битието, па според тоа и до просветлувањето. Значи, жените поблиску од мажите го „отелотворуваат“ Духовниот свет, а со тоа и Изворот на животот. Божествената Мајка го дава и го зема животот. Излезот е во освестувањето на болката преку набљудување на моментот кога почнува болката односно моментот кога почнува да се јавува немирот. Целосното внимание значи и целосно прифаќање на болката. Отелотворената болка се преобразува во блескава свест, вели авторот.



**IN MEMORIAM**
**РИЧАРД ИВАНИШЕВИЌ (1955-2005)**

На 24 јануари се навршија две години од прераната смрт на познатиот историчар на уметност, ликовен критичар, есеист и библиотекар Ричард Иванишевиќ. Беше скромен, чесен, мирен и тивок, така и не напушти. Остануаа само спомените и убавите денови поминати со него. Споменот за него ќе биде вечен и незаборавен. По тој повод вработените од Националната установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” - Битола, положивме цвеќе на неговиот вечен дом, а во матичната установа одржавме помен и сеќавање за него.



**IN MEMORIAM**
**ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ (1934 -2006)**



Изложба на книги по повод смртта на еден од предводниците на македонската современа литература Петре М. Андреевски кој на 25 септември остави ненадоместлива празнина во кругот на македонските писатели. Академик Петре М. Андреевски беше познат поет, романсиер, раскажувачи драмски автор. Роден е во 1934 година во с. Слоештица, Д. Хисар. Работел како уредник во Македонската телевизија. Уредник на списанието „Разгледи“ Член на МАНУ од 2000 година. Попознати негови дела се романите „Пиреј“ (1980), „Скакулци“ (1983), „Последните селани“ (1987) и други. Застапуван е скоро во сите антологии на македонска поезија во земјата и странство. Добитник е на наградите: „11 Октомври“, „Браќа Миладиновци“ (два пати), „Рациново признание“, „Стале Попов“ (два пати) како и наградата „Книжевно жезло“ на друштвото на писателите на Македонија.



Во нашата Библиотека за последен пат присуствуваше на Првата роднокрајна средба на битолски писатели од Македонија на 16 март 2005 година, на Тркалезната маса, кога го излагаше својот текст насловен: „Нема универзална вистина или идеја што не го надживеала својот автор“.

# По повод добивањето на наградата „Тренд“ на ИК „Феникс“ - Скопје изводок од романот „Балканскиот ѓавол“ од Петре Димовски



10.

Соборен бев во непристапните предели на Босна. Последниот спомен од авионот беше блесокот во тивката приквечерина. Се катапултирав и падобранот го застоја падот, ме отфрли нагоре и продолжи лесно да паѓа. Чувствував повев на ветар и спржен воздух. Настојував да го запомнам местото, да ја одредам далечината на светилките во населбите, но тие беа на рабовите од мојот видик и брзо исчезнуваа во ноќта. Паднав во потполна темница, во шум на густо лисје, се провирав низ ретките гранки и треснав на земјата. Падот не беше силен, падобранот се задржуваше мигновено на гранките додека мојата тежина повторно не го повлечеше и кога се најдов долу, силно го почувствував животот. Некој електричен рефлекс ми мина низ 'рбетот, за миг ме парализира, потоа се изгуби, а останаа да печат само гребнатините што ми ги направија гранките додека ме чешлаа во пропустот. Љуби ми се јави во ноќта. Место да ја разгледувам тежината на својата положба, се фатив како загрижено се прашувам што ли се случува со неа. Дали ќе умее да се снајде во подивеното време?

Седнав да отпочинам и да размислам. Сега имав многу време за размисла и не брзав никаде, зашто во густата шума беше затворена густа темница и ми преостануваше да чекам. Ако тргнам низ ноќта и низ густежот постои ризикот да завлезам подлабоко во непроодот и да се оддалечам од целта кон спасот. Пронајдов процеп низ дрвјата да го видам небото. Неколку ѕвезди трепкаа и ме опоменуваа дека сум останал немоќен и далеку од нив. Желбата да ја пронајдам Љуби внесуваше немир, тревожност и болна мисла. Се држев до разумот да не избрзам да заминам во ноќта. Втора опасност можеше да бидат и дивите ѕверови кои не би ги забележал во прикрадувањето, а тие не би се плашеле зашто ноќта е нивна. Во ден тие би се криеле и би ми го одбегнувале патот. Пиштолот во црната темница не можеше да ми биде некаква помош, зашто би бил растргнат пред да стигнам да го употребам. Болките низ телото ми дозволија да се искачам во короната на навалено дрво, да се сместам меѓу гранките и да размислувам за судбината. Не бев подготвен да ја прифатам настанатата ситуација. Никогаш во мојата мисла не се зародил страв од таков исход, можност за такво одвивање на настаните. Ако и размислував за некаква средба со непријателот, таа замисла беше наполно поинаку. Тој во моите очекувања исклучиво доаѓаше од преку граница, од непријателска земја за кого сум подготвен да го дочекам, да го изненадам и да го оневозможам за дејствување.

Имав чувство дека Ѓаволот ме собори од небото. Неговата суровост нема граници, а неговата лукавост често е ненасетна. Што ли се случува со Молња, Слив, Брдар… Веројатно мене ме отпишале, уверени се дека сум ликвидиран. Или дека нема да преживеам во тие планини и ако по некоја мала случајност сум стигнал до земјата. Ѓаволот влегол во душите на мнoгумина и тој господари оттаму. Тешка неизвесна иднина скроиле. Ги полакомила болна мисла за бесмисла, заборавиле и на сопствените и на туѓите животи. Како да ја отстранам раната од срцето дека живеејќи во блискост, пријателство, братска љубов и другарство толку години, одеднаш се создава делба на ѕверови и дивеч и тие што ја направиле делбата тргнаа во лов на уништување?

А ние бевме една земја и еден народ и сега се делевме на многу земји и многу народи, како во прапочетокот на обединувањето, но делбата не беше пријателска како што му доликува на пријатели, туку со навреди и омраза. Еден поттикнуваше делба со тоа што не

Петре Димовски до сега ги објавил следните дела:

Збирките раскази „Преломи“, „Жед и жештини“, „Црната мачка“; збирката монодрами „Ни свој“ и романите: „Пламенка“, „Резервна тајна“, „Крилја“, „Сонце во келијата“ и „Балканскиот ѓавол“.

Ги добил наградите: Наградата „4 Ноември“ на Битола за литература, Прва награда на БИД „Мисирков“ за роман, како и поединечни награди за раскази и монодрама.

За романот „Балканскиот ѓавол“ ја добива наградата за роман „Тренд“ на ИК „Феникс“ - Скопје, во јануари 2005 година, во конкуренција од педесетина македонски романи.

даваше делба, друг сакаше делба затоа што не му се даваше, трет остануваше сеирџија и така настана раскарувањето. Кај Лилипутанците беше поголем проблемот. Требаше да се договорат точно од која страна ќе се крши јајцето. Овде веднаш го скршија и од скршено јајце може да се испили само Ѓаволот.

„Подгответе се за борбена задача", рече едно луто човече што првпат пристапи на команда, а не се знаеше од каде го довеа ветрот. „Испоубијте сè таму, каква сецесија, какви делби! Мртви нека го сонуваат тој сон!"

Равник се побуни. Некој зад завесата истрела и го уби без предупредување. Равник не пушти глас од себе. Само се преви и се струполи. Некои очи погледнаа кон мене. Сфатив дека сум предаден. Последните денови настануваа групашења и тајни состанчења. Се заговараа делби. Одбрани. Чистки. Секој имаше свое видување и свое решение, воден од интересот. Јас критикував. Застанав на правдината. Да се прифати разумот и да се зачува пријателството. Така и разделени ќе бидеме обединети. Така ќе се дојде до секое решение. Но разумот за Ѓаволот е најголемо непријателство. Насетив заговор. Мигновено се видов превиен врз земјата крај Равник. Минутите бавно одминуваа. Чекаа да ме предаде збор, гест, израз. Мислата во мене работеше брзо. Втората слика што ја видов беше како убивам невооружени пријатели. Им ги горам куќите, им го внесувам пеколот во свеста. Не можев да им помогнам со ништо. Тој зад завесата, што е продолжена рака на некој од пред завесата, го стега пиштолот, ја топори смртта. Никој не е сигурен дали не е следен, имаат мрачни погледи и тие што се на страната на делби и тие на страната на неделби.

Од помрачнината прискокаа петмина со автомати и ги вперија во купче пилоти, со наредба да го предадат оружјето. Кон мене сè уште не се топореше смртта, но очите немирно пребаруваа по егзекуторот. По она што се случи пред неколку дена на Плоштадот, во оној метеж на страстите, можеше да му се верува на стравот кој предупредуваше на тревожна опасност. Зачекорив по пистата. Секој миг очекував да бидам прострелан. Се оддалечував, а насетував дека и други чекорат по мене. Не се обѕрнував. Одевме кон авионите. Исчекувањето беше тешко, а не се случи ништо од она што беше во мојата глава.



Мракот се завлекуваше меѓу нас.

Кога полетавме, ескадрилата се растури. И други се обидоа на бегство. Забележав дека ме следат ловци. Двапати беше повторена наредбата да се приземјам. Сега ми требаше сета вештина што ја стекнав при обуката. Го пуштив орелот да ги прободе облаците. Потоа со стишени мотори минав во лупинг. Завлегов во длабоката долина на Дрина и ја следев реката. Мислам дека им избегав на гонителите. Потоа накачив преку планините. Тогаш ме пронајдоа со ракета. Авионот се запали. Но со себе го имав животот и решеноста да го извлечам.

**30.**

Решив да отпатувам за Австралија. Сознанието дека Никола е жив и дека надежно ме бара низ светот не ми дозволија ни ден чекање. Се подготвував што поскоро да заминам, веднаш со следната група бегалци на кои ќе им биде одобрен влез во оваа далечна земја. …

Некогаш треба раните да се затворат и да не се гибаат, да не се наѕира во нивната болка, така да залузнат. Но јас не можев да ја отргнам мислата од ужасите на преживеаното. Некаде во себе се радував на средбата со Никола, се надевав таа да се случи скоро и го барав неговиот мил лик, но сликата на пожарот во небото и на изгорената среќа остануваше да го прекрива тоа, не давајќи му пробив.

Излегуваше Молња со извиличен израз и со студен рапав глас ги набројуваше казнетите, накажаните, отпишаните. „Никола го убивме!" Неговиот глас гребеше во свеста, измачуваше. Не, не, извикував во темна ноќ, во ноќ осамена и затворена, кога соновите жестоко навалуваа со своите понесени острици од пеколот. Никола е жив! Тоа се само слики на балканскиот синдром, со нив и натаму врз мене атакува Ѓаволот. Боже, ти си моќен и праведен, ослободи ме од неговото дејство, од неговите лути бодежи. Ослободи ме од Минатото за да ја преграбам Иднината! Во

неа е Никола, а јас со овие тежини никогаш не ќе стигнам до него! Телото ми беше пригмечено, болно и распаднато, душата затворена во мракот на бесчовечното, извалкана, изгмечена, раскината. Гледав само сенки, се меркаа низ мојот живот, се влечеа низ влажните магли и натежнуваа во мојот видик. Ме прогонуваа. Тие сенки не говореа, не ми отпоздравуваа, ме гледаа со лутина и презир што сум ги напуштила и изневерила. И тој миг се раскинуваа кожите во кои беа собрани и, скелетите, накривено, грозно и болно се кезеа.

Состави ме во едно, Господе боже, создателу на семирот, господар на нашите судбини, душата и телото да не бидат две болки! Една посносливо се поднесува!

Новиот свет, во кој се најдов, без да сонувам за него, ме прифати, збивтајќи во својот забрзан ритам. Но, се видов веднаш по пристигнувањето, не можев целосно да го прифатам тој свет, иако му се воодушевував. Ме исполнуваа убавините, смиреноста и насмевката на луѓето, раскошот во живеењето. Новото беше присутно насекаде. Ме понесуваше со својата имагинативност, со истрајната стрпливост во создавањето на строгите линии во обликувањето на просторот, сјајот со кој пресретнуваа. Еден нов свет што започнал отпочеток, кој не се темелеше на традиција и наследство, врамен во геометриските фигури со прецизни одмерувања. Забрзан во својот од, не понесол ни трага од дилемите кај другите простори, ни од противречностите на Балканот. Ѓаволот, очигледно, тука не стигнал никогаш.



А во себе носев еден распаднат свет, кој цврсто ме притискаше во своите непреминливи граници што не ми дозволуваше да заживеам поинаку. Светот во мене и светот околу мене беа наполно спротивставени, никаде допирни, туѓи меѓусебно, непознати и неприфатливи. Кога одев по улиците, крај убавите раскошни излози, аранжирани




како во сè уште неизмислени бајки, размислував за урнатините во улицата Виделија, кога ги среќавав насмевките на вкусно облечените пресретнувачи, ме испраќаа згрчените лица на гонетите, кога јадев пронѕи во кинескиот ресторан на аголот од West се меркаа сенките со гребенести скелети. А затворени со стравот, од утробата се кикотеа ѓаволите, плетејќи ги своите бескрајни интриги.

Не можев да се одвојам од тој свет за да му припаѓа на друг. Целосно бев заробена во него. И кога мислев дека за секогаш бегам од него и дека неповратно го напуштам, се лажев во сите свои сфаќања. Од тој свет не можев да се оддалечам ни чекор.

Страдав вклештена во големата болка која се закануваше дека никогаш нема да ме напушти и бев заробена целосно во неа. За миг во радоста ќе ме внесеше привидување дека Никола ми трча во пресрет, но набргу ќе се судрев со својата измама и потонував во нечистотијата на преживеаните мори.

*Во пријателството, како и во љубовта, човекот е често посреќен заради нештата што не ги знае, а не заради оние што ги знае.*

***Ла Росхфуко***

# (НЕ) ЧИСТАТА МАТЕМАТИКА НА „ДИРЕКТОРИЦА“

*Приредил д-р Николче Вељановски,*
*библиотекар советник*

Не се знае точно од каде ја научила математиката, дали во Црна Гора или во Хрватска, од каде што потекнуваат нејзините родители и каде што го поминала своето детство, но Педагошки факултет завршила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во Библиотеката беше вработена во селските и реонските библиотеки девет години кога со амин на министерот за култура Благоја Стефановски беше поставена за директор на Библиотеката. Но овде нема да стане збор за нејзиниот приватен живот туку за „менаџерот во неа“. Од почетокот на 2003 година Јелена Петровска менаџираше со Библиотеката. Се разбира дека **нејзиното неискуство** го покриваше претседателот на управниот одбор (подоцна и самата го нарекувше нејзин ментор во поглед на управувањето со Библиотеката) проректорот на Универзитетот во Битола **д-р Добри Петровски (бивш директор на Библиотеката).** Овде нема да зборувам за непотизам затоа што овој господин е само брат на човекот чија сопруга е сестра на сопругот на нашата „Директорица“ како што ние вработените ја препознававме при нашите разговори. Понатаму во текстот ќе го употребувам овој збор како би ја нагласил критиката околу нејзината менаџерска улога во Библиотеката.

Зошто го споменувам нејзиниот ментор? Уште од првиот нејзин работен ден ги препознав зборовите: „сакам за мене да направите .. .„ Тоа беа истите зборови кои ги употребуваше како бивш директор во Библиотеката Д.П. (**тој истиот кој ја прими на работа никогаш не □ даде подобро работно место - а зошто, читателот ќе дознае откако ќе го прочита до крај текстот**) „Не јас не сум работел не работам и нема да работам за ниту еден директор ниту пак ќе работам за тебе“ □ одговорив кратко. „Отсекогаш сум работел само за интересот на Библиотеката“. Се правеше како да не ми се лути на мојот одговор, но инструкциите на менторот вработените ги чувствуваа во секој нејзин преземен чекор во работата. Затоа таа, како и тој порано, многу често излегуваше пред камерите на локалните телевизии да зборува за „напредокот“ во Библиотеката. Сведоци сме на нејзините најчести залагања и зборови во времето на нејзиното директорување: **„Детска креативна работилница - лето, Креативна работилница - зима, Креативна работилница - лето, Креативна работилница - зима итн...“**



Беспрекорно менаџираше, барем така си замислуваше и тераше напред, покривајќи се во стилот на: **Другите се криви - тоа се факти.**

### Другите се „криви“ - тоа се факти

- директорке, го покривте влезот и лицето на Библиотеката со патеката за лица со посебни потреби, кога има уште неколку далеку подобри варијанти - **Не јас, архитектот,** беше нејзиниот одговор.

- директорке, со месеци глувци врие во Библиотеката, дури и вработените тргнаа да ги фаќаат - **па, ги викам тие од агенцијата за дератизација, а тие не доаѓаат.**

- директорке, на пултот за издавање читателите, а посебно родителите во Одделот за деца се бунат, а и пцујат по вработените за амортизацијата која им ја пресметуваат рачно, за секоја книга посебно, гледајќи во календарот работни и неработни денови - **ќе се навикнат, така беше и со сплитската библиотека во Хрватска.**

- директорке, велите дека во Ректоратот се залагате за универзитетската функција во Библиотеката, а не ја активирате постоечката Проквест база со илјада списанија на ЦД-Ромови и EBSCO базата кои ги имате во Компјутерскиот центар (КНИЦ). Не знаат вработените дека можат EBSCO базата да ја користат дома, а да не зборуваме за читателите - **никој не им е крив на вработените, нека се интересираат повеќе.**

- директорке, зошто не ги информирате одделите за настаните и промоциите во Библиотеката - **па, ене нека читаат на влезната врата** или на огласна табла, пос-

тојано има залепени плакати.

Овде не можам, а да не се присетам на огромната нервоза со која нашиот од пред две години покоен колега **Ричард Иванишевиќ,** кој беше со нарушено здравје, ни зборуваше: „директорката ме тера да □ правам ѕидни новини, да заменувам попладне и предпладне во магацинот за книги по цел месец, а ме тера да идам во ист ден и претпладне и попладне за време на промоциите. **Да ми плати такси не сака да чуе“** - **„Па, како можам јас да идам ќе можеш и ти да доаѓаш“**, бил нејзиниот одговор. Откако зеде боловање, во една година ниту еднаш не стапна во Библиотеката. Кога беше Рики на болница, таа прва дотрча кај докторот и дијагнозата ја соопшти, пред работен собир, и на неговото последно испраќање, Директорица, му одржа прекрасен говор пред Библиотеката како **‘таа се присеќаваше на гevреците кои ги јадеа заедно со својот колега Рики**’. По повод неговата смрт, професорот Ферид Мухиќ ќе посвети цела статија на Ричард во весникот „Време“ (од 17 февруари 2005 година) со наслов **„Омразата ткаена со свила“** во која ќе рече: „Да потсетиме тука, на мислите на Спиноза, Ниче, Ками, соговорниците и духовни браќа на **Ричард Човечкото Срце**: **Гонетиот е подобар од гонителот! Бескрајната предност на убиениот е што не е убиец. ..“**




**Ако би продолжиле во нејзиниот стил:**

- директорке, вие □ подметнавте на вашата раководителка стар компјутер наместо долго очекуваниот ветен најнов компјутер, сметајќи дека таа нема да го примети, па како се осмеливте да си ја потцените вашата, со стаж, два и пол пати постара колешка? Што мислите какво мислење таа ќе има за вас? И тоа ли спаѓа во менаџирањето? - одговорот би бил - **сигурно било некакво недоразбирање, нормално е човек да си се цени прво себеси,** после неколку месеци и таа си доби нов компјутер. Знам дека таа верува во мојата менаџерска способност и ќе ми остани лојална до крај. Така и беше.

- директорке, **компјутерот што ми го купивте за работа на списанието брчи како машина за дрва сечење** и мораме да го држиме капакот отворен - одговорот би бил - па, морам некако да му вратам на човекот од „Проинфо“- Битола затоа што кога немав работа тој ми даваше текстови од книги да му ги чукам на машина. Нормално е дека ќе купувам компјутери и печатачи од него.

- директорке, зошто се запишавте на постдипломски студии само што седнавте на директорската фотелја, зарем имате толку време за патување во странство, во државата, па дури и да одите на часови и испити? - нејзиниот одговор би бил - се разбира, ако тоа работата го бара, а се разбира дека **на Библиотеката □ фали добро менаџирање**, тогаш **јас сум подготвена за таа огромна жртва.**

- ама директорке, веќе четири години поминаа, од Библиотеката добивте и некои финансиски средства за школовање, немаме чуено до каде сте со студиите - и овде би одговорила, кој сте вие, **што ве интересира вас моето усовршување, тоа си е моја приватна работа во работно време.**

- директорке, зошто не му дозволивте на претседателот на Синдикатот да расправа пред членството околу систематизацијата според Колективниот договор, а после донесувањето на истиот, да не го истакне истиот на огласна табла - го истакна дури после големиот притисок на вработените, после два месеци од донесувањето. **Му дадовте највисок коефициент, меѓу оние со исто образование, нему и на книговодителката** - повторно нејзиниот одговор би бил - **па, тоа мора да е пропуст и грешка на претседателот на синдикатот, човекот си е вреден и јас би го предложила повторно за претседател на следните избори.** Подоцна, во есента, при предлагањето на нов претседател на синдикатот, таа отворено праша, **„дали може да се предложи и стариот?“**.

- директорке, му дадовте **ис-**



**ти коефициенти** на платата и на пред еден месец **нововработената** која немаше ни работно место и на вработена која уште **една година ќе оди во пензија**, и двете со исто образование - **е па, јас не им дадов туку комисијата, а таа ги распределуваше коефициентите според три основи: образование, тежина на работно место и <u>работен стаж.</u>**

- директорке, со Колективниот договор, „за награда", систем -инженерката која е одговорна за Компјутерскиот центар, доби ист коефициент со вработените на шалтерот кои имаат исто образование, дури и **далеку помалку од книговодителката.**

- директорке, нашиот претставник, победничката од Општинскиот натпревар „Млади библиотекари", која ја пративме на Републичкиот натпревар да ја претставува нашата Библиотека, освои прво место со сите можни бодови (малку подоцна на поетската средба „Бранувања 2006" ја доби првата награда). Зарем не треба да ја повикате заедно со одговорниот библиотекар за нејзината подготовка и официјално да им дадете неколку пофални зборови - со оглед на тоа дека тие не беа повикани и на настанот не му придаде никакво значење, таа би одговорила - **зарем не гледате немам време за такви работи, сакаат да ме менуваат.**

Малку по малку и јас дојдов на ред. **Да продолжам понатаму со: другите се криви - тоа се факти.**

- **зошто не ми понуди да одам на курс по германски јазик како вработен во одделот за Туѓа литература,** а ги испрати својата дактилограф-архиварка и уште една колешка на кои никогаш во работните задачи германски јазик не им требал, и **тоа ли го нарекуваш менацирање?** - не знаев дека ти си заинтересиран, Кажи, ќе ти овозможам да одиш на курс.

- зошто ми ги укина работните задачи за систем библиотекар кога со тие задачи **ја воведов автоматизацијата во Библиотеката,** односно воведов автоматизирана обработка на библиотечниот материјал, а тоа работно место ни го сугерираа експерти од странство, не би требало да го укинуваш, тоа постои во светот - **па морав, тоа место го нема во НУУБ - Скопје, а инаку јас донесов од Хрватска цела книга за систем библиотекар, ама таму поинаку го третираат - тој е инженер.**

- **„Што се правиш на удрена, в очи ме гледаш и ме лажеш!** (ова  го велев неколку пати), **две години, од твоето доаѓање за директор, и покрај решението од Министерството, и префрлените финансиски средства за образование д-р на науки, не ми ги исплаќаш**, а подоцна, кога реши да ми ја покачиш платата, ме натера да ти потпишам Изјава дека нема да ги барам средствата две години наназад" - **не јас, правничката тоа го стори - тоа се факти.**

- зошто, и покрај тоа што беше многу веројатно дека ќе бидеш сменета од директорската функција со доаѓањето на новата влада, **ми даде решение за раководител на мојот оддел**. Кога ќе дојде новиот директор да речи дека бев во твојот раководен тим и да ме смени - **немаше друг начин за да ти ја покачам платата.**

Меѓутоа, со истиот овој математички проблем, Јелена Петровска го започна своето директорување во јануари 2003 година. Две години не ми го доделуваше коефициентот за доктор на науки што со Решение ми го имаше веќе доделено Министерството за култура. Уште на тројца вработени им го правеше истото. Откако Александар Јовевски ја тужи Библиотеката и веќе беше во фаза на добивање на спорот (подоцна го доби), јас дадов барање до Управниот одбор на Библиотеката за покачување на мојата плата по основ образование **доктор на науки**. Без да го достави барањето до Управниот одбор, ме викна и ми рече дека ќе ми даде дел од средствата за доктор на науки, но под услов да потпишам изјава дека нема да ги барам средствата за претходните две години. Ова траеше кратко зашто со систематизацијата **според Колективниот договор повторно ми ги скина и средствата за доктор на науки и воопшто за звање библиотекар советник** (во моментот бевме **двајца библиотекари-советници).**

- На моето прашање зошто во Колективниот договор нема коефициент за образование доктор на науки и за звањето библиотекар - советник, го добив следниот одговор: **„види вака, хигиеничарката Павлина има најнизок коефициент, а јас како директорка имам највисок коефициент, пет. Останатото е само математика."** (Неколкумесеци, сè до нејзиното разрешување, таа не ми одговори на мојот **приговор** за што сум платен покрај тоа што ме стави за раководител- дали како библиотекар советник или доктор на науки?)

Овде не ги спомнав отказното решение кое уште од првиот ден  го врачи на претходната директорка **Анета Стефановска** и укинувањето на работните задачи за работното место **Роднокрајна збирка** на сегашниот директор на Библиотеката, **Науме Ѓоргиевски**,

а местото го остави непополнето, се разбира, претпоставувајќи дека откако ќе ја сменат од директор најмногу би ѝ одговарало ова работно место.

Едноставно, човек да се чуди колку многу направи за Библиотеката, а не знаеме уште колку други работи останаа скриени. Каков менаџерски талент, кога нејзините професори би ја прочитале оваа статија ќе останат засрамени што не ѝ дозволиле досега да ја одбрани својата теза. Кој знае **можеби менторот**, како што најавив на почетокот, **не сака да има ваков способен менаџер во негова близина!?**

Сепак, мое лично мислење е дека потеклото на човекот не е важно, но човекот треба, пред сè да биде човек, без оглед колку голема е желбата да се биде послушен на менторот, или партијата. Размислував и сè уште размислувам, и покрај тоа што таа е веќе разрешена од позицијата директор, да поведам судска постапка за нејзиниот деградирачки однос кон мене, во однос на моето звање, титула и личност. Само што ја подготвив оваа статија разбрав дека на 28.09.2005 година, Благој Николов, библиотекар-советник напишал писмо до министерот Благоја Стефановски (осум страни текст) од кои, во интерес на малиот простор во списанието, само ја забележав следната реченица, **„И по изборот на Јелена Петровска за директор на Библиотеката, истата не престана со излагање на невистини и ниски удари кон мене, омаловажување и рушење на мојот рејтинг во библиотечната фела сè до ден-денес“** (стр. 4) Овде не може човек, а да не се запраша, како е можно некој кој се запишува на постдипломски студии да има деградирачки однос баш кон оние со највисоко звање и титула во Библиотеката кога се знае дека и двајцата немаат партиска припадност?

Не навлегувам во тоа дали нејзиниот однос кон мене, кон некои други вработени и воопшто кон установата, бил заради дискриминација, партија, или лична омраза, или и двете, или трите, и дека, можеби и оваа статија ќе ѝ годи на нејзината гордост (нека ми простат некои колеги ако сметаат дека нејзината слика можев да ја направам со уште поголема резолуција - таа уживаше кога јас „сликав“, или фотографирам сèедно, затоа што, според неа, „јас тоа најдобро го правам“). Да, моето око забележуваше сè. Се случуваше на некои вработени да им одговара, **„Јас така сакам“.** Но омразата стежнува. ..



Веќе ѝ станува Товар! **Зошто омраза? Затоа што лошата љубов кон другите е лоша љубов кон самите себе. Да се разбереме, овде не се мисли на интимата, нејзина. Што се однесува пак, до математиката, таа оди со љубовта, но само кога е чиста, „математиката“.**

Како што може да се види од текстот, како библиотекар-советник и главен и одговорен уредник на списанието имав можност да ѝ поставувам стручни прашања за работата, за мојот статус итн. Таа не ги одбиваше, но нејзиното менаџирање го сведуваше на интензивни објаснувања, „давење“ и давање на одговори и постапување со вработените како да сме ликови од цртаните филмови, без да размислува за последиците. За неа сè беше можно. Во една прилика ѝ реков, «**зарем не гледаш дека сум глув за твоите одговори, ми влегуваат од едно уво и ми излегуваат од другото, не знаеш ни со кого разговараш, ти си најпаметна, врвен менаџер уште од првиот ден, тоа ли го нарекуваш менаџирање!?**» Често знаеше да ги «проголта» ваквите зборови без да покажува дека била навредена, што ми беше показател дека сè што правеше со вработените и Библиотеката ѝ беше смислено.

Всушност, целта на оваа статија е конкретно да го ставам на хартија за да не се заборави **сè** она што Директорица го направи како менаџер со вработените и Библиотеката, од позиција на власт (со исклучок на евентуалните злоупотреби на службениот автомобил и финансиските средства, ако постоеле), затоа и добивавме вакви и слични одговори, а не да ставам поента на нејзините одговори, кои ги смислуваше и во кои и таа не веруваше. Јас лично, сакав само да кажам што може да направи некој кога мрази (себичноста преминува во самоволие и потценување на другите, а алчноста ги пречекорува сите граници), а нејзините одговори во текстот, сметам дека не се важни - и така се «измислени», и од неа, и од мене.

Како што кажав на почетокот, пред да стане директор, таа имаше работно место во реонските библиотеки кои по нејзина иницијатива беа затворени само кратко време пред нејзиното разрешување. Откако беше разрешена, новиот директор, сепак, покажа разбирање и ја стави на работно место Издавање и услуга во главната Библиотека, во комбинација со реонски бибилиотеки.

## Д-Р ДОБРИ ПЕТРОВСКИ ФАЛСИФИКУВАЛ ПОТПИС

Неодамна дознавме дека **проректорот на Универзитетот во Битола и член на рецензентската комисија** за 2006 година за доделување звања од областа на библиотекарството при Министерството за култура, проф. д-р Добри Петровски го фалсификувал потписот на еден од неговите колеги рецензенти, наводно, откако овој претходно му "дозволил", на Извештајот од една од рецензиите за звање библиотекар-советник. Се потпишал и за двајцата. Заради таа причина повеќе побарувања за звање треба да чекаат формирање на нова рецензентска комисија и нова рецензија.

Не е ова прво самоволие на д-р Добри Петровски, во врска со библиотекарството во Македонија. **Д-р Добри Петровски има главна улога** под псевдоним **"својот човек"**, во статијата на тогашната директорка на Националната и универзитетска боибиблиотека "Св. Климент Охридски" Скопје, **г-ѓа Вера Калајлиевска**, која беше публикувана под наслов:

## НАГРАДИ СО ТЕМНИ АУРИ

(Извадоци од статијата во списанието **Библиотекарска искра**, вол. 17 (1999), бр.1-2 II Хроника).

Во интерес на просторот ќе ги издвоиме оние места во текстот кои даваат **јасна слика за неговата темна аура:**

„На 17 ноември 1999 година, Библиотекарското друштво на Македонија (БДМ) одржа Свечена седница по повод педест-годишнината од формирањето. Јубилејот што се одржа во прекрасниот амбиент на хотелот „Александар палас" во Скопје, беше убава прилика за средба на повеќе генерации македонски библиотекари и на колеги-гости од странство..."

**Доделување на „Климентова награда" за првпат**

„...**За доделувањето на главната награда, „Климентова повелба",** што БДМ годинава за прв пат ја востановува, беше донесен Правилник и според неговите одредби избрана посебна Комисија која распиша Конкурс со јасно дефинирани критериуми. .. Меѓу критериумите, покрај резултатите во струката, беше потенцирано и барањето за **„конкретен придонес во работата на БДМ"**, што впрочем беше и еден од конкретните услови. ..**На конкурсот се јавија пет кандидати..."**

**Извршниот одбор (ИО) не го препозна „својот човек" (д-р Добри Петровски)... започнува фарсата.**

„...Но штотуку се понадевавме дека овој настан ќе го запаметиме како ретка и колегијална средба, дојде чинот на доделување на наградите што ни ја разби илузијата дека можеме да направиме нешто докрај убаво, коректно и професионално... Комисијата откако ја започна работата му предаде на Извршниот одбор (ИО) на усвојување образложен предлог **за еден од кандидатите.** Но, за жал, сега започнува фарсата. **Мнозинството на ИО**, во предлогот на Комисијата **не го препознава „својот човек"** и затоа **без никакво образложение** донесе одлука да **не го потврди предлогот, односно да не ја додели наградата..."**

**ИО самоволно го прогласува „својот човек" за добитник на наградата.**

„...По дополнително укажување дека, согласно законските одредби, не е можно наградата да не се додели кога има кандидати кои ги исполнуваат конкурсните услови, повторно, тоа исто мнозинство од Извршниот одбор, еден час пред одржувањето на Свечената седница, ги зеде законот и правдата во свои раце и **спротивно на одредбите на Правилникот, го прогласува „својот човек" за добитник на наградата**. Притоа ИО на БДМ, недозволено направи неколку крупни материјални грешки: (1) не ги испочитува Одредбите на Правилникот за доделување на наградата, кои говорат дека ИО донесува одлука само врз предлог на Комисијата, а таков, дополнителен предлог, за друг кандидат, немаше; (2) **одлуката ја донесе на своја рака**, крајно волунтаристички и **непрофесионално**, без да ги погледа и да ги оцени конкурсните пријави на кандидатите; (3) не го зема во предвид фактот дека **предложениот од нив кандидат** не исполнува еден од основните критериуми - досега, барем според документите што ги приложил на конкурсот, **нема никакви конкретни активности и резултати за работата и афирмацијата на БДМ, чија награда ја добива..."**

**ИО ги прекршува светите правила на Етичкиот кодекс на библиотекарите на РМ**

**„...**Покрај овие грешки од материјална природа, со донесувањето на оваа одлука мнозинството од членовите на ИО **ги прекрши и светите правила на Етичкиот кодекс на библиотекарите на РМ** (чл.9; чл.11; чл.12; и чл. 14) **и општо прифатените човечки норми за чесност и одговорност** во работењето. Тие ја омаловажија работата, стручноста и компетентноста на своите колеги од Конкурсната комисија, и **на нивната одлука, ја спротивставија својата волја, агресивната наметливост..."**

**Понатаму во текстот Вера Калајлиевска се запрашува, Зошто тоа го направи ИО? И самата одговара.**

„... Дали тие членови на ИО ќе го изменеа своето мислење (одлука) доколку ги имаа пред себе документите и аргументите на другите кандидати за долгогодишната волонтерска работа во воведувањето и афирмацијата на македонската библиотекарска асоцијација и долгите библиографски трудови од областа на библиотекарството? **Сигурно - не! Тие не можат тоа**

**ниту да го почитуваат, а уште помалку да го вреднуваат, затоа што самите досега не се пројавиле со никакви нови идеи во струката, не оставиле зад себе напишани трагови за сопствената стручност, не вложиле труд таму каде за тоа нема материјална награда, за библиотекарството им е грижа колку за ланскиот снег, едноставно - тие се случајно, однемајкаде, библиотекари.** Затоа, гледано од нивниот агол, тие со право можат да си мислат дека донеле исправна одлука и дека „**нивниот човек“ е правиот.“**

**Вистинските библиотекари се повлекоа пред аргументот на силата.**

„...За среќа, вистинските библиотекари, оние кои ѝ се посветиле на таа струка со љубов и респект, ја почувствуваа агресивната наметливост и се повлекоа пред аргументот на силата. Затоа, при врачувањето наоваа награда **се почувствува горчината од неправдата и од темната аура со која годинашнава, прва „Климентова повелба“ беше обвиена, и за која иницијаторите, посакувале да свети како аурата над главата на Патронот на библиотекарите...“**

**Еве што сакав да им кажам на библиотекарите за непрофесионалноста и професионалноста,**
продолжува Вера Калајлиевска

„... На крајот, би сакала да истакнам, дека лично, многу ми е при срце изреката дека не треба да жалиме по истуреното млеко. Но, **чувствувам професионална обврска настанов да биде трајно регистриран,** заради две причини: (1) доколку меѓу нас библиотекарите, незабележливо и молчешкум поминат непрофесионалноста, волунтаризмот и некритичкиот однос кон сопствената струка и резултатите во неа, тоа може да се смета во иднина за правило, а не за исклучок, што во оваа пригода го направи дел од ИО на БДМ, злоупотребувајќи ја функцијата и довербата што им ја дадовме... (2) Имаме обврска кон помладите колеги кои штотуку влегуваат во библиотекарството. Ним треба да им кажеме дека ова не е добар пример за вистинскиот пат до успехот во струката. **Библиотекарството не е „инстант“ професија во која до врвот се доаѓа набрзина, со неколку труда и со лобирањето и наметливоста на грст пријатели со кои се пие кафе и „жолта“.** Тие, помладите колеги треба да знаат дека добар библиотекар се станува **пред сѐ и над сѐ, со љубов и почит кон струката** (што впрочем важи и за другите сфери) и со стремеж кон високи критериуми што се постигнуваат само преку **чесна, постојана работа и учење. Задоволството од вака постигнатиот успех е најголемата награда...“**

## ДОКТОР ПО МЕНАЏМЕНТ ПРЕДАВА ОСНОВИ НА ДЕМОКРАТИЈА

**Нашиот главен јунак д-р Добри Петровски не се задржа само на добивањето на „Климентовата повелба“** туку, уште во време додека работеше како директор во Библиотеката, на Конкурсот за **наставник по предметот Основи на демократија со методика,** објавен од Факултетот за учители и воспитувачи - Битола (денес Педагошки факултет), **во јануари 2000 година**, избран е за доцент по истиот како ДОКТОР ПО МЕНАЏМЕНТ, **и покрај тоа што во Конкурсот се бараше д-р по социолошки или правни науки**. И покрај тоа, што, јас (д-р Николче Вељановски) сум доктор по социолошки науки ги исполнував условите, за наставник беше избран д-р Добри Петровски, повторно, но овој пат не како **„својот човек“** туку како **„добро дете“**. Јас тоа го разбирав како **„тој е од нашата партија или тајфа“**. Поднесов ТУЖБА по ИЗБОРОТ и после четири години во септември 2004 година беше донесена конечна пресуда за ПОВТОРЕН ИЗБОР од Апелациониот суд во Битола, дека **„доброто дете“ го избрале самоволно и противзаконски**.

**Педагошкиот факултет воопшто не ја зеде во предвид оваа пресуда.** Наместо да изврши повторен избор, тој си објавува **Конкурс** при крајот на 2004 година, за редовен РЕИЗБОР на наставник по предметот Основи на демокартија со методика при што повторно **го реизбира**, овај пат искусниот и по систематизација, ПОТРЕБЕН ДОКТОР ПО МЕНАЏМЕНТ, д-р Добри Петровски. **Кај се видело и чуло д-р по менаџмент (економска категорија) да предава Основи на демократија, а уште помалку „со методика“.** Го избраа оној кој преку својот адвокат му достави на судот диплома од **курс по демократија од Католичка школа** за да му ја докаже својата компетентност ВО ЗАМЕНА за доктор по социологија. Оттука читателот може и види дека **за нашиот „главен јунак“ ништо не претставува еден** ФАЛСИФИКУВАН ПОТПИС.

На мојот приговор до Рецензентската комисија дека е ДОНЕСЕНА НЕГАТИВНА ПРЕСУДА ЗА НЕГО ПО ИСТИОТ ПРЕДМЕТ, и дека **не смеат да вршат реизбор**, ми беше одговорено дека **Комисијата не е компетентна да го решава тоа** и преку Билтенот на Универзитетот од 03.05.2005 година ме упати до Деканот и Наставничкиот совет на Факултетот. **Нормално, Комисијата одлучи „доброто дете“ кое во меѓувреме стана ПРОРЕКТОР, да биде реизбрано.** Тоа „добро дете“ и не било така добро, затоа што **подоцна, на тој кој го прими на Факултет „му покажа од кај течи Драгорот“.**

Секоја му чест и на првата и на втората Рецензентска комисија, која виде однапред дека „доброто дете“ обеќава. Тоа, можеби **мораше да полага „специјалистички труд“ оти имал само шески и по некоја седумка, па не му стигаа да се запише на постдипломски студии**, ама пак, бил многу **„инстант“ за да стане професор и проректор** и покрај тоа што СУДОТ рекол не е ПРЕДМЕТОТ за тоа „добро дете“. Се ребри „доброто дете“ сега како да си го оствари сонот и да стане РЕКТОР. Не сака тој вакви работи по списанијата и весниците, ама не ми требаше ова - не е фер, НАПИСОТ МУ ГО ПОРЕМЕТУВА СОНОТ.

# ФИНАНСИСКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ЗА 2006 ГОДИНА

*Приредиле Цара Огненовска и Трајан Чагорски*

Националната установа - универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Битола финансиските средства добиени од буџетот на РМ во периодот од 01.01-31.12.2006 година ги реализира според решенија по соодветни програмски активности како следува:

| | ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | Средства од буџет по решенија | Реализирани средства 01.01-31.12.'06 | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Збогатување на книжниот фонд и набавка на период. пуб. | 450.000 | 397.553 | 88,35 |
| 2. | Културни активности во библиотеката | 100.000 | 65.362 | 65,37 |
| 3. | Заштита на стари книги и периодика-ракописи во Битола и битолско | 100.000 | 100.321 | 100,33 |
| 4. | Материјални трошоци | 300.000 | 267.573 | 89,20 |
| 5. | Обука на корисници за COBISS/OPAC - за ONLINE достапни каталози | 60.000 | 60.590 | 100,99 |
| 6. | Маркетинг на библиотеката | 40.500 | / | / |
| 7. | Истражување на приватните библиотеки во Битола, публикување и презентирање | 50.000 | 54.771 | 109,55 |
| 8. | Истражување за збогатување на фондот на Роднокрајниот оддел | 50.000 | 29.685 | 59,37 |
| | ВКУПНО: | 1.150.000 | 975.855 | 84,86 |

**1. ЗБОГАТУВАЊЕ НА КНИЖНИОТ ФОНД**

Во оваа 2006 година, набавени беа 375 наслови, односно 1720 примероци на книги. Не беа реализирани сите 450.000 денари. Остана обврска на Министерството да ги дореализира уште 110.000 денари.

**2. НАБАВКА НА ПЕРИОДИЧНИ ПУБЛИКАЦИИ**

Набавени се 9 наслови, или вкупно 380 списанија во зависност од нивното излегување дневно или месечно, во износ од 46.775,00 денари.

**3. ЗАШТИТА НА КНИЖНИОТ ФОНД**

Реализирани се средства во износ од 100.321,00 денари, од кои 20.321.00 денари за дигитален апарат потребен за реализација на проектот.